


# Е-БИЛТЕН БРОЈ 21

Септември 2018

Почитувани колеги, соработници и читатели,

пред самиот почеток на есента 2018, правиме анализа на активностите кои тимот на ЦеПроСАРД ги реализираше во изминатите три месеци, летото 2018. Во овој период посветивме големо внимание во делот на заштитата на животната средина и спроведување на активности за подобар руралнен развој. Активностите кои ги спроведовме беа во согласност со нашата визија и мисија и затоа активно делувавме соработувајќи со бизнис секторот, граѓанските организации и институциите:



- Работевме за бизнис секторот со изработката на потребната документација - барање за Б интегрирана еколошка дозвола за интегрирано спречување и контрола на загадувањето за АРАДИКО КОП ДООЕЛ увоз-извоз - Друштво за производство, сепарација на чакал и песок, превоз, трговија и услуги од с. Р'жаничино Петровец;
- Работевме со националниот парк Пелистер преку имплементација на проектот за подобро управување со природните ресурси во Националниот парк Пелистер;
- Изработувавме физибилити студии за инфраструктурни проекти за подобар и побрз рурален развој на општините;
- Воспоставивме контакт со одделението за локален економски развој во општина Тетово, со цел формирање на локална акциска група - ЛАГ, за активирање на граѓанските здруженија од Полошкиот регион.



И во овој билтен, подетално ве информираме за тековните проекти и консултантски услуги на кои работиме. Ви благодариме на сите кои континуирано не поддржувате изминативе десет години и соработувате со нас!  Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој.




ТИМОТ НА ЦЕПРОСАРД

Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој



## ЦеПроСАРД во соработка со бизнис секторот

ЦеПроСАРД како консултант од областа на животната средина изработи Интегрирана Еколошка дозвола “Б” за потребите на Арадико Коп ДООЕЛ увоз-извоз од с. Р`жаничино, во општината Петровец. Сопственик на организацијата е г-ѓа Хаџира Личина и претставува пример за успешно раководење и развој на женското претприемништво.

Во името на Арадико Коп, управителот на организацијата на 29/03/2018, го потпиша договорот за кофинансирање на изработката на целокупната документација и водење кон постапките за добивање на Интегрирана Еколошка „Б” дозвола, со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Тимот на ЦеПроСАРД успешно ја подготви целокупната документација согласно законската регулатива и ја достави до корисниците во договорениот временски рок.

## Соработка со институции - Изработка на физибилити студии за финансирање на инфраструктурни проекти во општина Центар Жупа и општина Студеничани

Во месец месец јули 2018, започнавме со изработка на две физибилити студии за подобар рурален развој преку изградба на инфраструктурни проекти во две рурални општини: општина Центар Жупа и општина Студеничани. Во двете општини одржавме средба со жителите и претставниците на општините. Во општина Центар Жупа, целта беше изработка на документ за оправданоста на проектот „Изградба и реконструкција на општински пат од населеното место Елевци до населеното место Долгаш”. За општина Студеничани, го изработивме документот за оправданоста на проектот за реконструкција на дел од улица „1” и партерно уредување во центарот на населено место (н.м.) Студеничане, во општина Студеничани.

Во текот на посетата беа остварени одделни средби со градоначалниците на општините и членови на општинските совети. Беа формирани фокус групи на граѓани од населените места во општините и општинската администрација. Целта на фокус групите беше утврдување на реалните потреби од реализација на проектот во општините. Во секоја општина одделно по интервјуто направено со градоначалникот и граѓаните, активностите продолжија на терен каде на лице место беше направен увид во фактичката состојба. Тимот на ЦеПроСАРД со посетата на терен се запозна и со културните и природни особености на општините. Културното и историското наследство, искажано во спомен куќата на таткото на Кемал Ататурк, поставката на фигури од восок и сите останати природни убавини, кои ги поседува оваа општина Центар Жупа, со изградбата на локалниот пат ќе бидат многу полесно достапни до туристите и сите останати посетители на оваа општина. Исто така во општина Студеничани, имплементацијата на проектот како што е реконструкцијата на дел од локална улица и партерно уредување на локалитетот во општината со изградена квалитетна асфалтирана коловозна конструкција, атмосферска канализација, осветлување, регулација на речно корито и урбана опрема ќе претставува придонес кон развојот на локалитетот, локалната економија и спроведувањето на плански документи во општината. Овие два независни проекти ќе се финансира со заем од Меѓународната банка за инвестиции и развој (Светска банка), преку МСИП 2 проектот за подобрување на општинските услуги.







## Проект за подобро управување со природните ресурси во националниот парк „Пелистер“

Во изминатите три месеци проектниот тим во соработка со вработените од НП Пелистер установа активно започна со подготовките за воспоставување на систем за мониторинг на три карактеристични видови на крупни месојади на територијата на паркот: кафеава мечка, волк и рис.



Системот се состои од 10 камери (фото замки) и друга пропратна компјутерска опрема која ќе се постави на соодветно избрани локации на територијата на паркот, а која ќе помогне да се следат активностите и состојбата на овие видови со цел нивна заштита. Во рамки на оваа активност предвидена е и обука за вработените за мониторинг и користење на системот, кои како крајни корисници ќе продолжат да го користат системот по завршувањето на проектот .

Овој проект е поддржан од УНДП.

## Зајакнување на јавното-приватно партнерство - Проект "БИЛДЛАГ"

Проектот ***Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ*** во процесите на интеграција во ЕУ во изминатите три месеци продолжи со имплементација на тековните активности чиј фокус е формирање на нова локална акциска група согласно законската регулатива во Полошкиот регион. За таа цел, во текот на месец јули беше одржана средба со претставници на одделението за Локален економски развој на општина Тетово. Целта е да биде формирана локална акциска група - ЛАГ помеѓу општина Тетово, Желино и делови од општина Брвеница. Во текот на месец август беше избрано и правно лице за започнување на изработка на целосната документација за формирање и регистрација на локалната акциска група, а во почеток на месец Септември се одржа и првата координативна средба со цел започнување на процедурата. Реализацијата на проектот ќе овозможи одржлив рурален развој во регионот и пошироко, како и ќе го поттикне развојот на јавното-приватно партнерство во државата.

Овој проект е финансиран од Европската Унија.





## Развој на рурален туризам - Проект "FRET-STIC"

Партнерскиот договор за меѓусебна соработка на проектот “***Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC***“ помеѓу ЦеПроСАРД со партнерската организација RDA South од Косово беше потпишан на 07.08.2018. Главна цел на проектот е



развој и промоција на локалниот и регионалниот туризам преку иновативни пристапи и системи за подобрување на руралното и еколошкото искуство. Целта ќе се постигне преку креирање на стратешки алатки кои ќе овозможат подобро разбирање на барањата на посетителите, истовремено служејќи како механизми за зајакната меѓурегионална соработка помеѓу различни аспекти на туристичката индустрија, владините институции, бизнис секторот и граѓанските организации што ќе резултира со зголемување на туристичкиот потенцијал, прилагоден на потребите на целните групи. Додатно, проектот има за цел создавање на поволно опкружување за стратешки цели и бенефит не само од националните и регионалните пазари, туку и од новите меѓународни пазари во областа на туризмот.

Проектот кој е поддржан од ЕУ, со времетраење од 24 месеци започна на 15 мај 2018 и се спроведува во рамки на ИПА Програмата за меѓугранична соработка помеѓу Македонија и Косово.



## Претставници на тимот на ЦеПроСАРД ангажирани на проект FRET-STIC учествуваа на Втората работилница за добитници на грантови од IPA II програмата за прекугранична соработка со Косово, што се одржа во Скопје

Претставници од ЦеПроСАРД, г-ѓа Гордана Пецељ и г-ѓа Ангелика Ѓоргон, заедно со партнерите во проектот „***Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC”*** г-ѓа Ниал Мемети Саити од општина Тетово и г-н Ќазим Пирана од RDA South - Косово, учествуваа на дводневна работилница за добитници на грантови од IPA II програмата за прекугранична соработка со Косово, која се одржа на 26 и 27 јуни во ЕУ Инфо Центарот во Скопје. На работилницата уествуваа сите добитници на грантови од Косово и Македонија со своите партнери.

Овој проект е финансиран од Европската Унија.





## Енергетска ефикасност на болници – проект "ZeNH Balkan"

Продолжуваат активностите во рамки на проектот “***ZeNH Balkan - Болници со енергија блиску до нула во Балканскиот регион”***. За изработка на утврдување на енергетската состојба на објектите во секторот – здравство, ќе биде изработена ревизија на енергетска ефикасност за три постоечки здравствени објекти – болници во Македонија. Експертите во областа на енергетската ефикасност на болниците од партнерските земји Грција, Кипар, Бугарија, Македонија и Албанија вклучени во проектот меѓусебно ќе го разменат знаењето и искуствата, како и начинот на спроведување на карактеристичните чекори за подобрување на енергетската ефикасност кај болниците. За таа цел ЦеПроСАРД ќе ги зајакне своите капацитети со дополнителна опрема за спроведување на енергетски контроли. Реализацијата на проектот има за цел да придонесе кон подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор и посебно кон адаптација и градба енергетски ефикасни болнички згради.

Координатор на проектот е:
Democritus University of Thrace, Department of Environmental Engineering

Покрај CeProSARD партнери на проектот се :
1. Albaforest - Centre for Forest Studies and Consulting, Albania
2. Sofia Energy Centre Ltd, Bulgaria
3. The Cyprus Institute Ltd,Cyprus



Овој проект е финансиран од Европската Унија.

